# П Р А В И Л Н И К

# ЗА ЕДИНСТВЕНИТЕ ОСНОВИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПОСЛЕДИПЛОМСКИ И ДОКТОРСКИ СТУДИИ И СТЕКНУВАЊЕ СО ДОКТОРАТ НА НАУКИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА

**Битола, Јануари 2002**

Врз основа на чл. 67, ст. 1, ал. 14 од Законот за високото образование (Сл. весник бр. 64 од 3 август 2000 година) и чл. 49. ст. 1 ал. 15 од Статутот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетскиот сенат, на седницата одржана на **________________** година донесе

**П Р А В И Л Н И К**

**за единствените основи за организирање на последипломски и докторски студии и стекнување со докторат на науки на Универзитетот “Св. Климент Охридски” - Битола**

# I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат заедничките основи, условите и критериумите за организирање последипломски и докторски студии и стекнување со докторат на науки.

**Член 2**

Факултетите вршат високообразовна дејност како последипломски и докторски студии и здобивање со докторат на науки во една или повеќе сродни односно меѓусебно поврзани научни и стручни области и се грижат за нивниот развој.

Универзитетот врши високообразовна дејност за интердисциплинарни и мултидисциплинарни последипломски и докторски студии.

Научна установа може да врши високообразовна дејност за последипломски и докторски студии и стекнување со докторат на науки во рамките на научната област за која е основана, ако е акредитирана за вршење на овој вид студии.

Висока стручна школа (во натамошниот текст ВСШ) може да организира специјалистички стручни студии само од стручните области за кои врши високообразовна дејност.

**Член 3**

Последипломските и докторските студии се остваруваат преку “кредит трансвер системот” како заедничка процедура што се воспоставува според Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС), која овозможува: опис на обврските (оптовареноста) на студентот како и обемот на обврските на студентот, валоризацијата на студирањето, мерење и споредба на резултатите од учењето и нивен пренос од една на друга високообразовна установа, мерење на квантитетот на работата на студентот што ја бара студиската програма, т.е. предавања, практична работа, семинари, вежби, индивидуална работа, испитување и друго.

**Член 4**

Последипломски студии можат да се организираат ако се исполнети следниве основни услови:

- донесена студиска програма и предметни програми;
- обезбедени соодветни просторни и технички услови за нивно организирање и почеток со работа;
- обезбеден потребниот број наставници;
- утврден начинот на финансирање.

Докторски студии можат да се организираат ако се исполнети условите од став 1 на овој член и се организирани последипломски студии.

Докторат на науки со пријава и одбрана на докторска дисертација може да се стекне доколку се организирани последипломски студии во дејноста за која е основана високообразовната установа.

Со Одлуката за организирање последипломски и докторски студии, согласно со Правилникот за нормативи и стандарди за основање високообразовна установа поблиску се уредуваат условите предвидени во овој член.

## ЗАЕДНИЧКИ ОСНОВИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ ПОСЛЕДИПЛОМСКИ И ДОКТОРСКИ СТУДИИ

### Член 5

Одлука за организирање последипломски односно докторски студии донесува Наставно-научниот совет на факултетот, Наставничкиот совет на високата стручна школа, Советот на научната установа, односно Ректорската управа за последипломските односно докторските студии организирани на Унвиерзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола.

Со одлуката од став 1 на овој член се уредуваат: условите за запишување на последипломските односно докторските студии, правилата за студирање, трошоците за студирање односно начинот на финансирање, бројот на кандидатите што се очекува да се запишат и др. прашања што се од интерес за соодветните последипломски односно докторски студии.

Составен дел на одлуката се студиските и предметните програми на последипломските односно докторските студии и список на наставно-научниот и научниот кадар за реализација на студиските и предметите програми за последипломските односно докторските студии.

### Член 6

Содржината на материјата што се изучува на последипломските односно докторските студии се разработува во соодветни студиски и предметни прграми.

Студиските и предметните програми од став 1 на овој член се менуваат и се дополнуваат според согледувањата и оцената за потребите од одредени профили на кадри за определени научни области, за стручно усовршување, развивање и унапредување на научната и практичната работа, како и според согледаните

потреби на трговските друштва, установи и други правни лица, во иста постапка како и за додипломските студии.

Студиските и предметните програми ги донесува Одборот за последипломски и докторски студии, Наставно-научниот совет, Наставничкиот совет, односно Советот, а согласност дава ректорската управа.

**Член 7**

Во текот на последипломските односно докторските студии студентите изработуват семинарски трудови, усмени презентации и сл. што претставува нивна подготовка и насочување кон темата што ќе биде предмет на магистерскиот, специјалистичкиот и докторскиот труд.

Со одлуката за организирање последипломски, односно докторски студии на Универзитетот, факултетот, високата стручна школа, односно научната установа се утврдува бројот и видот на текстовите или усмените презентации од ст. 1 на овој член.

**Член 8**

Студентите се должни во текот на студиите да ја реализираат научноистражувачката работа или практика утврдена со Одлуката за организирање последипломски односно докторски студии на Универзитетот, факултетот, високата стручна школа, односно научната установа.

**Член 9**

На Универзитетот, факултетите, ВШС и научните институти се формира Наставнички совет за последипломски и докторски студии (во натамошниот текст: Наставнички совет) односно Одбор за последипломски односно докторски студии.

Наставничкиот совет го сочинуваат наставниците кои ја изведуваат наставата на последипломските, односно докторските студии, за секоја студиска програма посебно, раководителот и секретарот на последипломските и докторските студии.

На Универзитетот се формира Одбор за последипломски и докторски студии кој брои 7 членови, а кои ги избира Ректорската управа со мандат од 4 години и истите се од редот на наставниот кадар кој учествува во реализирањето на последипломските, односно докторските студии.

Раководителот и секретарот на последипломските и докторските студии, по предлог на Наставничкиот совет односно Одборот ги избира Ректорската управа, Наставно-научниот совет, Наставничкиот совет на ВСШ односно Советот со мандат од 4 години од редот на членовите на Наставничкиот совет.

## ПОСЛЕДИПЛОМСКИ СТУДИИ

## ВИДОВИ

**Член 10**

Последипломските студии се оргнаизираат како последипломски научни студии (магистерски студии) и последипломски стручни студии (специјалистички студии).

**Член 11**

Со последипломските научни студии (магистерски студии), студентот се воведува во методите на научноистражувачката работа и му се овозможува стекнување продлабочени знаења од определена научна област.

**Член 12**

Со последипломските стручни студии (специјалистички студии) на студентот му се овозможува стекнување специјализирани и продлабочени знаења во една или во повеќе научни и стручни области што се потребни за успешно извршување на стручните работи од определено стручно подрачје, односно определен вид работа, за што се потребни специјализирани и продлабочени знаења.

**Член 13**

Последипломските научни студии траат најмалку три семестри, од кои два семестра за настава и еднен семестар за изработка на магистерскиот труд.

Последипломските стручни студии траат девет месеци, од кои еден семестар за настава и три месеци за изработка на специјалистички труд.

**Член 14**

Последипломските студии се организираат според кредит трансфер систем, а должината на студиите се определува според бројот на наставните часови во текот на неделата и редовноста односно начинот на кој е организирана наставата.

**Член 15**

Последипломските студии се остваруваат преку предвања, менторство, оценување и други форми и техники на изведување наставна, односно научна работа и со изработка и одбрана на магистерски односно специјалистички труд.

## УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ

**Член 16**

Запишувањето на кандидатите на последипломски студии се врши врз основа на конкурс.

Конкурсот, по прваило, збирно го објавува Универзитетот.

Доколку условите, односно роковите за распишување конкурс за запишување студенти на последипломски студии на универзитет, факултет, висока

стручна школа (ВСШ) односно научната установа не се совпаѓаат со рокот за збирно објавување на конкурсот, конкурсот може да се објавува и поединечно.

Конкурсот се објавува во јавните гласила.

Конкурсот ја содржи научната област за која се организираат студиите и другите услови за запишување на кандидатите.

**Член 17**

На последипломски студии може да се запише лице кое има завршено додипломски студии на факултет во траење од четири години со просечна оценка од најмалку 7,5 односно со просечна оценка 7 и две години работи во струката, како и други услови предвидени со одлуката за организирање последипломски студии.

Помладиот асистент односно помладиот лектор има право на запишување на последипломски студии без надоместок. Таквите лица имаат обврска да се запишат на последипломските студии најдоцна во наредната учебна година по изборот.

Со статутот и одлуката за организирање последипломски студии за секои последипломски студии Универзитетот, факултетот, (ВСШ) односно научната установа утврдуваат кои додипломски студии се соодветни за запишување на студиската програма.

При еднакви услови, предност имаат кандидатите со повисок просечен успех.

**Член 18**

Изборот на кандидатите го врши Наставничкиот совет, во рок од 15 дена по истекот на рокот за пријавување.

Кандидатите писмено се известуваат за изборот.

Против одлуката за избор, кандидатите имаат право на приговор до Одборот за последипломски и докторски студии на Универзитетот, Наставно-научниот совет на факултетот, Наставничкиот совет на ВСШ односно до Советот на научната установа, во рок од 8 дена од изестувањето.

## ЗАВРШНО ОЦЕНУВАЊЕ

**Член 19**

Проверка на знаењата на студентите запишани на последипломските студии им се врши континуирано.

Завршното оценување се спроведува за сите предметни програми или група на предметни програми предвидени со студиската програма за соодветните последипломски студии, по завршувањето на предавањата.

**Член 20**

Студентите имаат право секој испит да го полагаат најмногу три пати: во спротивно, губат право на понатамошно студирање.

**Член 21**

Завршното оценување го врши предметниот наставник, односно комисија составена од 2 члена, при што како основа се земаат резултатите од разните видови на континуираната проверка на знаењата.

Завршното оценување се изразува со оцнека 5(пет) до 10 (десет). Оценката 5 (пет) означува недоволен успех.

Студентот може во рок од 24 часа од соопштувањето на оценката да поднесе приговор до раководителот на последипломските и докторските студии на Универзитетот, деканот на факултетот, директорот на ВСШ односно до директорот на научната установа ако не е задоволен од завршното оценување, односно од оценката, или ако смета дека испитот не е спроведен во согласност со Законот за високото образование, во постапка уредена со Статутот.

Ако раководителот на последипломските и докторските студии на Универзитетот, деканот на Факултетот, директорот на ВСШ односно директорот на научната установа утврди дека се исполнети условите од претходниот став на овој член се обраќа до наставникот односно Комисијата да ја преиспита оценката од завршното оценување. Ако наставникот односно Комисијата ја преиспита оценката што ја утврдила и остане на истата, студентот има право да бара испитот да го полага пред комисија во наредните 24 часа од наредниот работен ден, која ја формира Наставничкиот совет составена од три члена од кои најмалку двајца се од соодветната област.

## ПРИЈАВУВАЊЕ, ПОДГОТВУВАЊЕ И ОДБРАНА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУД

**Член 22**

Магистерскиот труд е резултат на самостојна работа на студентот, со кој се систематизираат постојните научни знаења и се придонесува за нови научни сознанија.

Специјалистичкиот труд е самостојна стручна работа со која се систематизираат постојните знаења и се придонесува за решавање на проблеми од практиката.

**Член 23**

Пријавата за изработување на магистерскиот, односно специјалистичкиот труд се поднесува до Наставничкиот совет на последипломските студии по завршувањето на вториот семестар.

Пријавата содржи: наслов на темата, образложение за научната и стручната оправданост на темата, план за работа и преглед на литературата.

Насловот на темата се избира од списокот на темите кои, на предлог на Наставничкиот совет, ги потврдува Одборот за последипломски и докторски студии, Наставно-научниот совет, Наставничкиот совет на ВСШ односно Советот.

**Член 24**

Одлука за прифаќање на насловот на темата и определување на менторот, донесува Наставно-научниот совет, Наставничкиот совет, односно Советот по предлог на Наставничкиот совет.

**Член 25**

Насловот на прифатениот магистерски труд се објавува во Билтенот на Универзитетот.

**Член 26**

Менторот под чие раководство студентот ќе го работи трудот се определува од наставно-научните и научните работници од потесната област од која е пријавен трудот.

На барање на кандидатот или менторот, Одборот за последипломски и докторски студии, Наставно-научниот совет, Наставничкиот совет на ВСШ односно Советот може да донесе одлука за промена на менторот.

**Член 27**

Студентот брани магистерски труд најдоцна во рок од три години од денот на одобрувањето на темата на магистерскиот труд.

Студентот брани специјалистички труд најдоцна во рок од две години од денот на одобрувањето на темата на специјалистичкиот труд.

По барање на студентот, високообразовната установа може да одобри продолжување на рокот за одбрана на магистерскиот односно специјалистичкиот труд, под услови утврдени со статутот на високообразовната установа, и во рок колку траеле причините за спреченост за работа на магистерскиот труд, но најмногу за една година. По истекот на овој рок, студентот губи право да брани магистерски, односно специјалистички труд на последипломски студии на Универзитетот, факултетот, ВСШ односно научната установа.

**Член 28**

По изработката на трудот студентот доставува три примероци од магистерскиот односно специјалистичкиот труд, со барање да му се формира комисија за оценка.

На предлог на Наставничкиот совет, Одборот за последипломски и докторски студии, Наставно-научниот совет, Наставничкиот совет на ВСШ односно советот формира комисија за оцена на магистерскиот односно специјалистичкиот труд во рок од 45 дена од денот на доставувањето на трудот.

Комисијата за оценка на магистерскиот односно специјалистичкиот труд е должна да го прегледа трудот и на студентот писмено да му ги достави евентуалните забелешки.

Комисијата може најмногу два пати да му го врати на кандидатот трудот со забелешките и му определува рок од најмногу три месеци да постапи по истите.

**Член 29**

Комисијата од претходниот член подготвува извештај во кој дава оценка и образложение на трудот најдоцна во рок од 3 месеци од денот на предавањето на трудот.

Извештајот се доставува до Одборот за последипломски и докторски дтудии, Наставно-научниот совет на факултетот, Наставничкиот совет на ВСШ односно до советот на научната установа.

По усвојувањето на извештајот, Одборот за последипломски и докторски студии,Наствно-научниот совет, Наставничкиот совет на ВСШ, односно Советот, на предлог на Наставничкиот совет формира Комисија за одбрана и го определува денот на одбраната, најдоцна во рок од 45 дена од усвојувањето на Извештајот.

Кандидатот писмено се известува за денот на одбраната и е должен во рок од 5 дена од приемот на известувањето да достави 6 примероци од магистерскиот, односно специјалистичкиот труд во тврд повез.

**Член 30**

Одбраната на трудот е јавна и се објавува на огласната табла на Универзитетот, факултетот, ВСШ односно во научната установа, најмалку 7 дена пред денот на одбраната на трудот.

По завршувањето на одбраната на трудот, Комисијата за одбрана на трудот јавно ја соопштува оценката на одбраната на магистерскиот односно специјалистичкиот труд.

Оценувањето се врши со две описни оценки: „го одбранил“ магистерскиот, односно специјалистичкиот труд и „не го одбранил“ магистерскиот, односно специјалистичкиот труд.

За текот на одбраната се води записник во кој се внесува оценката од ст. 3 на овој член и за истото се изготвува посебна Одлука која ја потпишува претседателот на Комисијата.

Записникот го потпишуваат членовите на Комисијата.

**Член 31**

Студентот кој завршил, според соодветните студиски и предметни програми, последипломски научни, (магистерски студии) и одбранил магистерски труд го стекнува научниот степен магистер на науки (скратено: м-р, или M.A., M.Sc., MBA итн.).

**Член 32**

Студентот кој завршил, според соодветните студиски и предметни програми, последипломски стручни студии (специјалистички студии) го стекнува стручниот назив специјалист (спец. или Spc.).

**Член 33**

Студентот што со успех ги завршил последипломските студии и се стекнал со академскиот степен магистер, односно специјалист, му се издава диплома.

**Член 34**

Дипломата ја издава Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола.

Дипломата ја потпишуваат ректорот на Универзитетот, деканот на факултетот, директорот на ВСШ, директорот на научната установа односно раководителот на последипломските и докторските студии и истата е еднообразна за сите факултети, ВСШ односно научните установи. Промоцијата за магистер и специјалист ја врши проректорот по настава, деканот на факултетот, директорот на ВСШ односно директорот на научната установа.

## СТЕКНУВАЊЕ НА НАУЧЕН СТЕПЕН ДОКТОР НА НАУКИ

### Начин на стекнување научен степен доктор на науки

**Член 35**

Научен степен доктор на науки може да се стекне со докторски студии и одбрана на докторска дисертација или со пријавување и одбрана на докторска дисертација.

Докторските студии траат најмалку две години, од кои во првата година студентите ќе посетуваат предавања што ќе ги воведат во истражувачките методи и во научните области за кои се организирани докторските студии. Втората година студентот ја користи за индивидуално истражување во областа за која ќе пријави изработка на докторска дисертација.

Во одлуката за организирање докторски студии може да се утврди и подолг рок за траење на докторските студии.

Одредбите што се однесуваат за организирање последипломски магистерски студии се однесуваат и на организирањето на докторските студии.

**Член 36**

Докторската дисертација е самостоен научен труд кој е резултат на самостојна научна работа и претставува придонес во развојот на соодветната научна област.

Условите за организирање на докторски студии и за стекнувањето на научен степен доктор на науки, Универзитетот, факултетот или научната установа ги уредуваат со својот статут, согласно со овој Правилник.

### Услови за стекнување на научен степен доктор на науки

**Член 37**

На докторски студии може да се запише, односно докторска дисертација може да пријави лице кое има завршено последипломски магистерски студии.

Со Одлуката за организирање односно со студиските програми се утврдува соодветноста на последипломските магистерски студии за запишување на докторски студии односно за пријавување докторска дисертација.

Кандидатот не може истовремено да пријави докторска дисертација во две установи, со иста тема, односно не може да ја пренесе пријавената докторска дисертација на друга установа.

**Член 38**

Запишувањето на докторски студии се врши врз основа на конкурс, кој го објавува Универзитетот, Факултетот или научната установа во иста постапка како и за последипломските студии.

Бројот на студентите за запишување на докторски студии го утврдува Одборот за последипломски и докторски студии, Наставно-научниот совет на факултетот односно советот на научната установа.

Насловот на темата се избира од списокот на темите кои, на предлог на Наставничкиот совет, доколку се организирани докторски студии, односно соодветната наставно-научна единица ако не се организирани докторски студии, ги утврдува Одборот за последипломски и докторски студии, Наставно-научниот совет, односно Советот.

Ако не се организирани докторски студии од соодветна област, пријавување на тема за докторска дисертација се врши по иницијатива на кандидатот.

**Член 39**

Право да се запишат на докторски студии односно право да пријават и одбранат докторска дисертација имаат и странски државјани, под услови и на начин утврдени со закон и со овој Правилник.

**Член 40**

Странските државјани докторската дисертација можат да ја работат и јавно да ја одбранат, по правило, на англиски јазик или на еден од светските јазици (германски, француски и руски јазик), со задолжителнен превод на докторската дисертација на македонски јазик.

Заради комуникација на докторантот со комисијата за одбрана и слушателите на одбраната на докторската дисертација, Универзитетот, факултетот, односно научна установа, обезбедува превод од јазикот на кој се врши одбраната на докторската дисертација.

**Член 41**

Трошоците за стекнување со докторат на науки ги утврдува Универзитетот, факултетот, односно научна установа, а ги поднесуваат странските државјани.

**Член 42**

Одредбите од членовите 38, 39, 40 и 41 се применуваат за странските државјани и при пријавувањето, подготвувањето и одбраната на магистерски и специјалистички трудови.

## ПРИЈАВУВАЊЕ ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА

**Член 43**

Студентот кој ги ислушал предавањата на докторски студии поднесува пријава за изработка на докторска дисертација.

**Член 44**

Кога научен степен доктор на науки се стекнува со пријавување и одбрана на докторска дисертација постапката отпочнува со поднесување пријава на кандидатот за докторска дисертација до Наставничкиот совет, на Универзитетот, факултетот, односно научната установа.

Пријавата содржи: јасно изнесена работна хипотеза (образложен предлог на темата на дисертацијата), материјалот што ќе се користи, методот на работа и резултатите што се очекуваат, диплома за научен степен магистер на науки, опис на објавените научни и високостручни трудови и изјава на кандидатот дека иста тема на докторската дисертација нема пријавено на друга установа во земјата и странство.

**Член 45**

Пријавата на кандидатот се оценува во рок од три месеци од посебна комисија составена од три члена од областа што се обработува во предложената тема, која на предлог на Наставничкиот совет ја формира Одборот за последипломски и докторски студии, Наставно-научниот совет, односно Советот на научната установа, при што Комисијата ја утврдува подобноста на кандидатот и темата.

**Член 46**

На предлог на комисијата од претходниот член Одборот за последипломски и докторски студии, Наставно-научниот совет, односно советот, доколку ја прифати изработката на докторската дисертација и определува ментор. Менторот треба да биде афирмиран научен работник од потесната област на пријавената докторска дисертација.

Менторот се избира од наставно-научните и научните работници од потесната област во која е пријавена докторската дисертација.

Менторот не може да биде претседател на комисијата за одбрана на докторската дисертација.

На образложено барање на кандидатот или менторот Одборот за последипломски и докторски студии, Наставно-научниот совет, односно советот може да донесе одлука за промена на менторот.

**Член 47**

По прифаќањето на насловот на темата за изработка на докторската дисертација од страна на Одборот за последипломски и докторски студии, Наставно-научниот совет, односно советот, во Билтетнот на Универзитетот се објавуваат податоци за кандидатот , насловот на темата и имињата на членовите на Комисијата .

## ИЗРАБОТКА И ПРИФАЌАЊЕ НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

**Член 48**

Докторската дисертација е самостоен научен труд кој е резултат на самостојна научна работа според методологија на изработка утврдена од високообразовната установа и претставува придонес во развојот на соодветната научна област.

Докторската дисертација, се изработува на Универзитетот, факултетот, односно научната установа каде што е прифатена. Со прифаќањето на предлогот, Универзитетот, факултетот, односно научната установа, е должен да обезбеди услови за изработка на докторската дисертација.

**Член 49**

Одбраната на докторската дисертација се врши во рок од најмногу 3 години по завршените докторски студии односно во рок од пет години од денот на одобрувањето на темата за докторска дисертација.

На барање на кандидатот, од оправдани причини Одборот за последипломски и докторски студии, Наставно-научниот совет, односно советот може да го продолжи рокот за изработување на трудот, и тоа најмногу за една година.

По истекот на рокот од претходниот став кандидатот го губи правото за одбрана на пријавената, односно прифатената тема за изработка на докторска дисертација.

**Член 50**

По изработката кандидатот поднесува 5 примероци од докторската дисертација за Комисијата за оценка на истата.

**Член 51**

Одборот за последипломски и докторски студии, Наставно-научниот совет, односно Советот, во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на докторската дисертација, по предлог на Наставничкиот совет формира Комисија за оцена на докторската дисертација.

Комисијата од претходниот став на овој член е составена од пет члена - со наставно-научни и научни звања од кои најмалку три се од потесната научна област во која е темата на докторската дисертација, од кои еден претседател кој го избира Комисијата.

Доколку докторската дисертација во својата содржина опфаќа две или повеќе научни области, Комисијата се составува на тој начин што за секое научно подрачје има најмалку еден член со докторат на науки од тоа подрачје.

**Член 52**

Доколку Комисијата оцени дека е потребно да се извршат нужни измени и дополнувања на дисертацијата, кандидатот е должен да постапи по забелешките и докторската дисертација повторно да ја достави на оценување во рок од 6 месеци.

**Член 53**

Комисијата од претходниот член поднесува извештај за докторската дисертација до Одборот за последипломски и докторски студии, Наставно-научниот совет, односно советот, најдоцна три месеци по нејзиното формирање.

Доколку Комисијата не се придржува кон рокот утврден во претходниот став од овој член Одборот за последипломски и докторски студии, Наставно-научниот совет, односно советот формира нова комисија.

Извештајот на Комисијата се објавува во Билтенот на Универзитетот.

**Член 54**

Во извештајот Комисијата треба јасно да го нагласи научниот придонес на дисертацијата, владеењето на кандидатот со материјата и да даде предлог-заклучок за прифаќање или одбивање на дисертацијата.

**Член 55**

Одборот за последипломски и докторски студии, Наставно-научниот совет, односно советот, во рок од 30 дена од денот на објавувањето на извештајот во Билтенот на Универзитетот, донесува одлука по предлогот на комисијата.

**Член 56**

Кога, Одборот за последипломски и докторски студии, Наставно-научниот совет, односно Советот на научната установа го прифати извештајот за прифаќање на докторската дисертација кандидатот поднесува 10 примероци од докторската дисертација во тврд повез и авторезиме на докторската дисертација во 20 примероци.

Во авторезимето, кандидатот го изнесува предметот и методологијата на истражувањето, добиените резултати со акцент на придонесот за развој на науката. Авторезимето се доставува до определен број организации кои работаат на слична проблематика, со молба да дадат мислења на дисертацијата до високообразовната установа во рок од 30 дена.

## ОДБРАНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

**Член 57**

Доколку дисертацијата биде прифатена Одборот за последипломски и докторски студии, Наставно-научниот совет, односно Советот, на предлог на Наставничкиот совет формира Комисија за одбрана и закажува јавна одбрана на дисертацијата.

Комисијата од претходниот став на овој член е составена од 5 члена со наставно-научни и научни звања од кои најмалку 3 се од потесната научна област од која е темата на докторската дисертација, а од истите се избира претседател на Комисијата.

Доколку докторската дисертација во својата содржина опфаќа две или повеќе научни области, Комисијата се составува на тој начин што за секое научно подрачје има најмалку 1 член со докторат на науки од тоа подрачје.

Јавната одбрана на дисертацијата се закажува најдоцна 45 дена по прифаќањето на извештајот за дисертацијата, а кандидатот се известува најмалку 15 дена пред денот одреден за одбрана на дисертацијата.

Денот, местото на одбраната, името на кандидатот и насловот на дисертацијата се објавуваат во дневниот печат најмалку 7 дена пред одржувањето на одбраната.

Во случај на отсутност на член на Комисијата, најмалку 10 дена пред одбраната, Одборот за последипломски и докторски студии , Наставно-научниот совет, односно Советот избира нов член на Комисијата за одбрана на докторската дисертација.

**Член 58**

Одбраната на докторската дисертација е јавна.

За текот на одбраната се води записник кој го потпишуваат сите членови на комисијата за одбрана, и се донесува Одлука која ја потпишува претседателот на Комисијата.

**Член 59**

По завршената одбрана, комисијата донесува одлука за одбраната „ја одбранил“, односно „не ја одбранил“.

Одлуката од претходниот став на овој член се донесува со мнозинство гласови од членовите на комисијата и јавно се соопштува пред кандидатот и присутните на одбраната.

Ако Комисијата за одбрана донесе заклучок дека кандидатот не ја одбранил успешно дисертацијата, одбраната може да се повтори само уште еднаш и тоа во рок од најмногу 60 дена.

**Член 60**

Лицето кое завршило докторски студии и одбранило докторска дисертација, како и лицето кое одбранило докторска дисертација го стекнува научниот степен доктор на науки (скратено д-р или Ph.D).

**Член 61**

Комисијата за одбрана поднесува извештај од одбраната на докторската дисертација до Одборот за последипломски и докторски студиди, Наставно-научниот совет, односно советот.

**Член 62**

Раководителот на последипломските и докторските студии, деканот на факултетот, односно директорот на научна установа, од името на Одборот за последипломски и докторски студии, Наставно-научниот совет, односно советот, го известува ректорот за одлуката на Комисијата за одбрана на докторската дисертација доставувајќи му ги сите податоци за кандидатот како и за постапката според која стекнал право на научен степен доктор на науки.

**Член 63**

Промоцијата на лицата кои се здобиле со научен степен доктор на науки ја врши ректорот на Универзитетот во постапка утврдена со Статутот на Универзитетот.

**Член 64**

По извршената промоција, на кандидатот му се издава диплома.

Дипломите за доктор на науки ги издава Универзитетот, а ги потпишуваат ректорот и раководителот на последипломските и докторските студии на Универзитетот, деканот на факултетот, односно директорот на научната установа.

На дипломите се става сувиот жиг на Универзитетот.

**Член 65**

Начинот на издавањето на дипломите, формата на дипломата за доктор на науки, како и евиденцијата на лицата промовирани во доктори на науки е иста за сите високообразовни установи во состав на Универзитетот и се поблиску уредени со Статутот на Универзитетот.

**Член 66**

**ОДЗЕМАЊЕ НА ДИПЛОМА**

На студент кој завршил последипломски и докторски студии или се стекнал со научен степен доктор на науки може да му се одземе издадената диплома под услови и постапка уредени со Правилник на Универзитетот и Статутот на факултетот односно научната установа.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 67

Факултетите и научните институти кои организираат последипломски и докторски студии, должни се најдоцна до 11 август 2002 година да ги усогласат своите акти кои ја регулираат оваа материја со одредбите од овој Правилник.

**Член 68**

Кандидатите што почнале со последипломски студии пред влегувањето во сила на овој Првилник должни се предвидените испити да ги положат во рок од три години од запишувањето.

Запишаните студенти на последипломски студии и кандидатите кои веќе се пријавиле за стекнување на докторат на науки должни се магистерскиот односно специјалистичкиот труд односно докторскиот труд да го одбранат во роковите определени во Правилникот за заедничките основи, општите услови и постапката за организирање последипломски студии ($VII_2$ стручна подготовка) и стекнување докторат на науки (VIII степен стручна подготовка) и доделување титула почесен доктор на Универзитетот во Битола.

Запишаните студенти на последипломски студии според постојните планови и програми можат да се префрлат на последипломски студии по нови студиски програми и да ги завршат студиите согласно одредбите од овој Правилник.

**Член 69**

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за заедничките основи, општите услови и постапката за организирање последипломски студии ($VII_2$ стручна подготовка) и стекнување докторат на науки (VIII степен стручна подготовка) и доделување титула почесен доктор на Универзитетот во Битола. бр. 08-399/5 донесен на седница на Советот на Универзитетот, одржана на 19.05.1986 година.

**Член 70**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во Билтенот на Универзитетот.

| **Р е к т о р** | **Претседател на Универзитетскиот сенат** |
|---|---|
| Проф. д-р Божидар Маслинков | Академик Глигор Каневче |